*45 years of manufacturing excellence*

Hi-Tech Corp. (www.hitech.com.mk) е водечки европски производител на електронски печатени плочи. Преку посветување на нашите над 250 вработени, се посветуваме на технолошката експертиза и квалитетот на нашите производи кои ги надминуваат очекувањата на нашите клиенти.

А нашите клиенти се едни од најголемите светски брендови. Нашите електронски печатени плочи се применуваат во: CERN акцелератор, Williams Racing и Audi F1 тимовите, Ferrari SF90 и 488, Mercedes AMG, Медицинска индустрија (респиратори, магнетна резонанца, CT), комерцијални сателити, ARRI камери и опрема за видео пренос на Олимписките игри во Париз 2024), авионите Airbus и Boeing, апаратите на Bosch и Siemens...

Во моментов отворено е следното работно место:

# ХЕМИСКИ ТЕХНИЧАР ВО ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА

**Опис на работно место:**

- Земање примероци и вршење лабораториски анализи на отпадни и пречистени води;
- Контрола и следење на хемиските и физичките параметри во процесот на пречистување;
- Ракување, подготовка и дозирање на хемиски средства согласно пропишани процедури;
- Следење на работата на опремата во пречистителната станица и навремено известување за евентуални неправилности;
- Водење уредна евиденција и изработка на извештаи од анализите.

**Работни услови:** Работа во 2 смени, понеделник-петок од 06:00-14:00 и 14:00-22:00 часот, и секоја втора сабота

**Што бараме:**

- Завршено средно образование – хемиски техничар;
- Познавање на основни лабораториски анализи и мерна опрема;
- Одговорност, совесност и прецизност во извршување на работните задачи;
- Способност за работа во тим и почитување на работни процедури.

**Што нудиме:**

- Организиран превоз од Скопје и околните градови (фабриката се наоѓа во с. Орешани - Зелениково)
- Обезбедена храна
- Приватно здравствено осигурување за лојални вработени
- Нето плата од 40.000 денари.

Доколку сакате да станете дел од тимот кој работи за најголемите брендови низ целиот свет, доставете кратка биографија на емаил hr@hitech.com.mk најдоцна до 31.01.2026 година.

Hi-Tech Corp. обезбедува еднакви можности за вработување на сите кандидати и води посебна грижа за заштитата на лични податоци и за доверливоста на Вашата апликација

Само апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.

Со самото аплицирање за работната позиција, вие се согласувате дадените лични податоци да се користат/обработуваат од страна на Hi-Tech Corp. и тоа само за процесот за селекција на кандидатите. Кандидатите можат согласноста за обработка на личните податоци да ја повлечат во секое време со доставување на барање на hr@hitech.com.mk.